## „ВОСТАНИЕТО ВО ЈУГОСЛАВИЈА 1941 И ЕВРОПА“ — Меѓународен научен собир

На 24 и 25 ноември 1971 година во Белград се одржа меѓународен симпозиум на тема „Востанието во Југославија во 1941 и Европа“ во организација на Српската академија на науките и уметностите.

На научниот собир со реферати настапија 19 странски и 20 домашни научни работници. Покрај тоа во мошне живата дискусија зедоа учество и 17 дискутанти.

Востанието во Југославија во 1941 година во научните прилози на учесниците на собирот беше разгледано од разни аспекти. Мошне тешко е да се групираат прилозите по сродност на тематиката, па затоа презентираме дел од насловите на рефератите со цел да се согледа физиономијата и содржината на овој научен собир. Сите теми се од интерес зошто секоја од нив го расветлува востанието од друг агол. Учесниците на научниот собир настапија со овие реферати: д-р Хендрих Батовски (Полска) „Дипломатските настани на Балканот пред и после 27 март 1941“; П. А. Жилин (СССР) „Фашистичкиот блицкриг и неговата пропаст во 1941 година“; д-р Марсел Бодо (Франција) „Востанието во Југославија во 1941 година и Франција“; д-р Филиос Оти (Велика Британија) „Некои аспекти на Британско-југословенските односи во 1941 година“; проф. д-р Хенри Бернар (Белгија) „Патриотската борба на југословенските народи гледана со очите на нивните противници и посебно Kriegstagebuch des Oberkommandos der Wehrmacht“ (Воениот дневник на Врховната команда на Вермахтот); д-р Мирослав Тејхман (Чехословачка) „Чехословачко-југословенските политички односи во времето на Втората светска војна“; Г. М. Славин (СССР) „Јавноста во СССР и востанието во Југославија во 1941“; Јержи Павлович (Полска) „Полското движење на отпорот и југословенското востание“; Г. Захарија (Романија) „Аспектите на солидарноста на романскиот народ со народите на Југославија во текот на 1941 година“; Иштван Пинтер (Унгарија) „Југословенското востание 1941 и неговото влијание на покренување на унгарските антифашистички сили“. Исто така заслужуваат внимание и научните прилози на Теодоро Сала (Италија) „Пропагандниот печат на високите италијански команди за окупационите војски во Југославија 1941—1943“; М. Скодвин (Норвешка) „Југославија и Норвешка под германска окупација и отпорот како револуција“ и други.

Од југословенските научни работници за одбележување се научните прилози на акад. Михаило Апостолски „Востанието на народите на Југославија основна претпоставка за соработка на балканските народи во борбата против фашизмот“; на генералот Трго Фабијан „Востанието во Југославија и настаните на боиштата во светот“; д-р Јован Марјановиќ „Дража Михајловиќ и Британците во 1941“; Перо Морача „Односите на КПЈ и Коминтерна во периодот на востанието на народите на Југославија 1941“; д-р Здравко Антониќ „Односите и врските на раководството на востанието во Југославија и Коминтерна во крајот на 1941 и почетокот на 1942 година“; д-р Петар Милосављевиќ „Ставовите на БРП(к) спрема востанието на народите на Југосла-

вија како одраз на нејзината политичка линија од 1939 до 1941"; д-р Миле Тодоровски „Политичките струи и групи во Бугарија и востанието во Македонија"; д-р Ѓорѓе Кнежевиќ „Бугарија и нападот на Југославија во април 1941 година"; Војмир Кљаковиќ „Оската Рим-Берлин и востанието во Југославија 1941 — одраз и последици"; Фикрета Бутиќ—Јелиќ „Местото и улогата на НДХ во разбивањето на кралството Југославија (со посебен осврт на политиката на Германија и Италија)" и др.

Во научните прилози и дискусијата беа изнесени мошне интересни искажувања како резултат на научно-истражувачката дејност и проучувањето на востанието на југословенските народи во 1941 година.

Еден од проблемите што во повеќе реферати беше засегнат е односот на сојузниците, поточно на Британците кон НОБ и Дража Михајловиќ, како и прашањето зашто Велика Британија му даваше помош на Дража Михајловиќ кога уште есента 1941 година од свои луѓе како Хадсон имаше во увид дека партизаните се борат против окупаторите. Напротив, токму од крајот на 1941 година Британската влада се ориентира исклучиво на помагањето на четниците за да започне дури по повеќе од една година да ја менува својата политика и да се свртува кон НОБ на Југославија.

Беше допирнато и прашањето околу тоа кои слоеви и класи соработуваа со окупаторот и дали е точно дека соработници на окупаторот беа по правило буржоазиите во разните земји, додека работничката класа стоела на антифашистички позиции. Во оваа насока беа изнесени мислења дека без оглед на класните позиции луѓето можеа да се поделат на антифашисти, пасивни и соработници на окупаторот.

Во многу реферати се изведуваа заклучоци дека востанието на народите на Југославија послужи како патоказ за другите народи во Европа, кои во моментите на воената супериорност на силите од Оската не биле во состојба да согледаат перспектива за излез од дадената ситуација. Во оваа смисла во рефератот на Марсел Бодо се вели: „За членовите на францускoто движење на отпорот југословенското востание беше охрабрување, пример кој треба да се следи и во моментите кога многу движења на отпорот препорачуваат воздржаност од секакви воени акции... Беше добро што еден народ целиот се дигна против силите на окупаторот за да покаже дека востанието е возможно и ефикасно..."

На овој собир беше засегнат и проблемот за односот на Коминтерна кон Ослободителното движење на југословенските народи, иако врз основа на мошне оскудна документација.

Учесниците на научниот собир на повеќе наврати оценија дека на тлото на Југославија на силите од Оската им е нанесен удар, кој по својот интензитет и последици е еднаков на големите битки што силите од Оската ги изгубија во Африка и на германско-советскиот фронт.

Научниот собир беше мошне успешен, како според учеството на видни научни работници, академици и воени историчари од разни земји, така и по поднесените реферати кои скоро без исклучок беа на мошне високо ниво. Па оттука може да се извлече заклучокот де-

ка: надвор од нашата земја, во Европа Ослободителната борба на југословенските народи и нивниот придонес во Втората светска војна се предмет на мошне внимателно проучување. Потоа, дека како плод на тие проучувања се постигнати мошне позитивни резултати. Исто така и историската наука во нашата земја во проучувањето на настаните од пред триесет години има виден напредок како во однос на продлабочувањето во суштината на проблемите така и во однос на квалитетот на нивното третирање што се покажа на овој научен собир.

**М. Т.**

## СИМПОЗИУМ НА ТЕМА „РАЗВОЈОТ И КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА И НА РЕВОЛУЦИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА“

Во организација на Македонската академија на науките и уметностите и Институтот за национална историја, а по повод триесетгодишнината од почетокот на вооруженото востание на народите на Југославија во Скопје на 9 и 10 декември 1971 година се одржа симпозиум на тема: „Развојот и карактеристиките на Народноослободителната војна и на Револуцијата во Македонија“. Симпозиумот имаше југословенски карактер и неговата работа ја следеа преку сто научни, стручни и просветни работници. На учесниците на симпозиумот беа презентирани 42 реферата од кои 29 беа од Македонија, а останатите од другите републики и покраини. За одбележување е да се истакне дека рефератите во најголем дел се однесуваа на Македонија во составот на Југославија, а имаше и неколку, за прв пат, што се однесуваа за борбата на Македонците во Грција и Бугарија. Симпозиумот работеше во пленум, а рефератите беа изнесени групирани според сродноста на содржината.

Првиот ден реферати поднесоа: акад. Кирил Миљовски, Некои особености на Револуцијата од 1941—1944 во Македонија; Алеш Беблер, Народноослободилна војна кот резултат изкушењ југославенских народов; д-р Владо Стругар, Место Македоније у историографији о Југославији и Другом светском рату; акад. Михаило Апостолски, Воената организација во периодот на НОБ и Револуцијата во Македонија; д-р Манол Пандевски, За континуитетот на македонската национално-ослободителна революција до 1941 г.; д-р Владо Ивановски, Почетокот на востанието во Македонија во 1941 г.; акад. Димитар Митрев, Специфики на партизанското движење во Пиринска Македонија; Наум Пејов, Ставови и практика на раководството на КП на Грција спрема македонското национално прашање во текот на НОБ; д-р Велимир Брезоски, Прилог кон периодизацијата на ослободителната војна во Македонија; Славка Фиданова, Националниот и народносниот момент — фактор за покренување на масите во Македонија во текот на ослободителната борба; Тодор Симовски, Македонците од Егејска Македонија и нивната борба за национална слобода во текот на НОБ (1940—1945); Војмир Кљаковић, Талијанско-бугарски спор око Македоније 1941 године; Христо Андоновски, Форми